# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ КРЕДИТИ

**-Пречистен текст-**

Одделни изрази употребени во овие Услови ги имаат следниве значења:

1) "***осигурувач***" - Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК - Скопје;
2) "***осигуреник***" - Банка која одобрува кредити и која има интерес истите да ги осигура;
3) "***премија***" - износ што се плаќа по договорот за осигурување;
4) "***сума на осигурување***" - износ на кредитот кој го одобрува Банката со вклучена камата;
5) "***осигурен случај***" - настан кој може да доведе до остварување отштетно побарување;
6) "***полиса***" - исправа за договорот за осигурување.

***Член 1***

Предмет на осигурување на овие услови се сите одобрени потрошувачки кредити наменски (за купување на моторно возило, недвижен имот и реновирање или адаптација на недвижен имот) и ненаменски, кои Осигуреникот (Банката), ќе ги одобрува на граѓани, а согласно постоечките законски прописи и акти на Осигуреникот.

Недвижен имот во смисол на став 1 од овој член претставува: стан, куќа за живеење и деловен простор.

***Член 2***

Осигуреникот се обврзува кај Осигурувачот да ги осигура сите Договори за потрошувачки кредити од ризикот кој може да настане со нередовната отплата на договорените месечни рати од страна на кредитокорисникот.
Осигурувачот го задржува правото на увид во издадената документација.

***Член 3***

Сума на осигурување претставува износот на одобрениот кредит во денари, пресметан во противвредност во ЕУРО, по среден курс на Народната Банка на Р. Македонија, на денот на одобрување на кредитот, зголемен за каматата што Осигуреникот му ја пресметува на кредитокорисникот.

Сума на осигурување по еден кредитокорисник за ненаменски кредит може да изнесува до 5.000, додека за наменски до 10.000 Евра, во денарска противвредност во ЕУРО, зголемен за висината на пресметаната камата за времетраење на кредитот.

***Член 4***

Осигуреникот пред да го одобри кредитот е должен да:
- го утврди идентитетот на кредитокорисникот (генерална и точна адреса на живеење со наведување на ЕМБГ и регистерски број на личната карта);

- го утврди државјанството на кредитокорисникот (со уверение за државјанство, пасош или лична карта). Кредитот може да биде осигурен само доколку кредитокорисникот е државјанин на Р. Македонија;
- да не одобрува кредити на физички лица за кои Осигурувачот исплатил или исплаќа оштетно побарување, согласно приложениот список од Осигурувачот;
- вгради одредба во Договорот за кредит согласно која кредитокорисникот е согласен целиот неотплатен кредит да стаса за наплата одеднаш во колку истиот редовно не отплаќа два еднополдруго ануитета.

До колку осигуреникот целосно не ги исполни обврските од овој член, Осигурувачот не е во обврската за надоместување на штатата спрема Осигуреникот.

### *Член 5*

Осигуреникот пред одобрување на кредитот, должен е да ја испита кредитната спсосбност на барателот на кредитот и тоа:
- Кредитоспособен според овие услови се смета барател на кредит кој остварува редовни месечни примања (плата, пензија и слично) во висина двојно поголема од месечниот ануитет;
- За исполнување на барањето од претходниот став во редовните месечни примања можат кумулативно да се пресметаат и примањата на брачниот другар на барателот на кредитот и/или членови на семејството на барателот на кредитот доколку живеат во исто семејно домаќинство со барателот на кредитот, во кој случај Договорот за кредит, мениците и меничните изјави ги потпишат и лицата чии примања се земаат во предвид при утврдување на кредитната способност на барателот на кредит;
- Мениците треба да се преносни на Осигурувачот;
- Висината на платата се докажува со соодветен писмен доказ уредно издаден од правното лице, а износот на пензијата со пензискиот чек од последната исплата.
- Лицата вработени во приватни и сопствени фирми висината на платата ја докажуваат со приложување на заверен налог - известие од Управата за јавни приходи на платата за примени нето плати во последните 3 (три) месеци.

### *Член 6*

Во функција на заштитата на интересите на Осигурувачот, Осигуреникот е должен, пред одобрување на кредитот на соодветен начин да се обезбеди од евентуално неплаќање на истиот од страна на кредитокорисникот.

Обезбедувањето се врши со бланко меница и менична изјава уредно потпишана од меничниот должник и двајца кредитоспособни жиранти со месечни примања најмалку двојно поголеми од утврдениот месечен ануитет, за ненаменски кредити со сума на осигурување до 5.000 ЕУРО.

Правата и обврските на потписниците на меницата од став 2 на овој член, во врска со одобрениот кредит, ќе се регулираат со договор за уредување на права и обврски по меница изготвен во форма на нотарски акт.

За наменски кредити обезбедувањето се врши со рачен залог на возилото за чие купување се зема кредит и со хипотека доколку се зема кредит за купување, реновирање или адаптација на недвижност.

Во случај на настанување на осигурен случај, доколку осигуреникот не го искористи правото за наплата на побарувањето обезбедено со хипотека или рачен залог, должен е истото да го пренесе на осигурувачот.

### *Член 7*

Одговорност за несоодветно утврдување на кредитната способност на кредитокорисникот и неадекватното обезбедување на одобрениот кредит, во смисла на член 5 и 6 од овие услови паѓа на товар на Осигуреникот и Осигурувачот не е во обврската за надоместување на штетата на Осигуреникот независно што кредитот е пријавен во осигурување.

### *Член 8*

Премијата се пресметува и наплатува на вкупно одобрен кредит со пресметана камата.

Осигуреникот се обврзува до 5-ти секој месец, на Осигурувачот да му достави список на одобрени кредити за претходниот месец.

Списокот да ги содржи следните податоци:

- Генералии на корисникот;
- Неговата адреса;
- Број на телефон;
- Број на Договор;
- Износ на одобрен кредит во денари и ЕУРО;
- Договор за уредување на права и обврски по меница изготвен во форма на нотарски акт;
- Договор за пренос на правото за наплата на побарувањето обезбедено со хипотека или рачен залог;
- Амортизационен план и известие за висина на уплатената премија за осигурување за секој кредит поединечно.

Премијата за секој одобрен кредит, кредитокорисникот ќе ја уплатува директно на жиро сметката на Осигурувачот.

### *Член 9*

Под штетен настан се смета, во смисла на овие услови, неплатени 2 последователни редовни ануитета според утврдениот Договор за кредит.

Осигуреникот ќе се стекне со право да бара надомест на штета од Осигурувачот само ако претходно ги превземе следните дејствија кон кредитокорисникот:

- Во рок од 15 дена по стасување на првиот неплатен ануитет, му достави на кредитокорисникот препорачана опомена, со повратен рецепис, повикувајќи го веднаш да го плати ануитетот со укажување на последиците од неплаќање во смисла на стасување на целиот кредит;
- Во рок од 15 7 дена, по стасување на вториот неплатен ануитет, му достави на кредитокорисникот втора, препорачна опомена, а на жирантите прва препорачна опомена, со укажување на последиците по нив од неплаќање на кредитот од страна на кредитокорисникот.

***Член 10***

Барањето за надомест на штета Осигуреникот може да го поднесе најрано по истек на 20 дена, сметано од денот кога на кредитокорисникот му е доставена втората опомена.

Кон оштетното барање Осигуреникот ги доставува следните докази:

- Договор за одобрен кредит;
- Амортизационен план;
- Меници и менични изјави преносни на Осигурувачот;
- Книговодствена картичка;
- Писмените опомени до кредитокорисникот и жирантите со повратните рецеписи и други писмени докази и обезбедувања ако има, со кои го обезбедил регресното право на Осигурувачот.

Во колку Осигуреникот не го пријавил ануитетот како штета во рок од година дена се смета дека се откажал од правото на надомест.

***Член 11***

Осигурувачот е должен на Осигуреникот, како надомест на штета, да му ги исплати првите 2 неплатени ануитета,, во рок од 8 дена сметано од денот од комплетирањето на барањето во смисла на член 10 на овој Договор.

Надоместокот се плаќа во денарска противвредност на ЕУРО спрема курсот кој е применет за пресметка на премијата за соодветниот месец.

***Член 12***

До колку кредитокорисникот не го уплати и третиот стасан ануитет Осигурувачот го исплаќа неплатените ануитети и остатокот на кредитот во целост без камата, ако Осигуреникот редовно ја има платено премијата за осигурување на кредитот.

Максимална обврска на Осигурувачот е сумата на осигурување согласно член 3 од овие услови.

Доколку кредитокорисникот дополнително започне со уплата на дел или вкупните стасани неплатени ануитети, Осигуреникот е должен за тоа веднаш да го извести Осигурувачот, при што е должен до 10$^{ти}$ во месецот за изминатиот, уплатените средства да му ги пренесе на Осигурувачот.

***Член 13***

Со исплата на надоместот на штета на Осигуреникот, врз Осигурувачот преминуваат сите права што Осигуреникот ги имал спрема кредитокорисникот во поглед на наплата на одобрениот кредит осигурен по овие услови.

***Член 14***

Составен дел на договорот за осигурување на кредити се Општите услови за осигурување имот на осигурувачот, а доколку нивната содржина е во спротивност со овие Услови за осигурување кредити, се применува соодветната оодредба од овие Услови.

Овие Услови за осигурување кредити, се донесени од Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК - Скопје, на 10-та редовна седница одржана на ден 29.01.2004 година, со Одлука број 0202-148/4 со важност од истиот ден, измените и дополнувањата донесени од Одборот на директори: на 12-та редовна седница одржана на ден 27.02.2004 година со Одлука број 0202-331/1, со примена од истиот ден; на 02.06.2004 со Одлука број 0202-1060/6, со примена од истиот ден; на 27.02.2007 со Одлука број 0202-1150/5, со примена од истиот ден; на 100-та редовна седница одржана на ден 28.03.2014 година, со Одлука број 0202-2305/25, со примена од 01.04.2014 година